TIKVEŠ

SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција

## СОРАБОТНИК ЗА ИНТЕРНА РЕВИЗИЈА

**Потребни квалификации:**

- Високо образование (Сметководство и ревизија)
- Добро познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**

- Фокусираност кон резултати
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
- Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знаења и вештини
- Организираност и посветеност на детали

**Клучни одговорности:**

- Учество во сите фази на ревизија во соработка со менаџерот на ревизија;
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење;
- Оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи;
- Подготовка на ревизорски извештаи до менаџерот на ревизија и менаџерот на ревидираниот процес и пратење на релизација на мерките од акционите планови.

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 20.10.2022 година.